ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

# ШВАЈЦАРСКА СТИПЕНДИСКА ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

Програма за стипендии за вработени во Собранието и вработени позајмени на Собранието од други институции во однос на можностите и условите за професионално усовршување – втор циклус на студии (магистерски студии)

**втор уписен рок**

Запишување на втор циклус – магистерски студии

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

2024/2025

Октомври 2024

NDI

IDSCS

# Содржина


**1. Програма за доделување стипендии за професионално усовршување ............................................4**

1.1. Вовед ........................................................................................................................................4

1.2. Зошто се обезбедува поддршка за професионално усовршување и развој?..................................4

1.3. Кој од вработените може да смета на овој вид поддршка? ..........................................................5

1.4. Кој би можел да има предност во хиерархијата на позиции и работни места? ...............................5

**2. Опис на можностите за професионално усовршување ...............................................................6**

2.1. На што се засноваат можностите за професионално усовршување? ..............................................6

2.2. Каков вид професионално усовршување може да се поддржи? ....................................................6

2.3. Чија одговорност е пронаоѓањето можности за професионално усовршување? ............................7

2.4. Комбинирање на работни обврски и професионално усовршување ...............................................7

2.5. Процедурата за пријавување и аплицирање.....................................................................................7

**3. Донесување одлуки за доделување финансиска поддршка ........................................................9**

3.1. Кој ќе ја донесе одлуката и на кој начин?........................................................................................9

3.2. Кои се критериумите според кои се донесува одлуката? ...............................................................9

3.3 Школарина .........................................................................................................................................10

***Известување до администраторот на програмата ..........................................................................11***

***Обврски на стипендистот ...................................................................................................................11***

**4. Задржување и трансфер на стекнатото знаење во организацијата ..........................................13**

4.1. Кои се очекувањата за задржување на вработените по професионалното усовршување?....13

4.2 Што се очекува од вработениот со стекнато ново звање за развојот на другите колеги? ............13

**5. Процедура за пријавување..............................................................................................................14**

**6. Анекси ...............................................................................................................................................15**

# Програма за доделување стипендии за професионално усовршување

## 1.1. Вовед

Оваа програма е креирана со цел да се воведе систем на правила со кои ќе се регулираат можностите за добивање стипендии за професионално усовршување на вработените и позајмените вработени од други институции кои работат во Собранието. Истата ги опфаќа правилата и условите под кои ќе се користи финансиската поддршка обезбедена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка, од Швајцарската агенција за развој и соработка преку Швајцарска Амбасада во Северна Македонија, за вработени во Собранието и позајмени вработени од други институции кои имаат интерес за професионално усовршување и развој. Во овој повик, со можност за аплицирање се стекнуваат вработените кои:

- имаат интерес за запишување на магистерски студии со почеток во академска 2024/2025 година;

- се запишани на магистерски студии во некоја од минатите академски години и не се корисници на стипендија од други програми. Оваа програма предвидува покривање на школарината за преостанатите семестри до завршување на студиите.

Програмата за доделување стипендии за професионално усовршување се реализира во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП) и е администрирана од Институт за демократија "Социетас Цивилис" – Скопје (ИДСЦС). Програмата е дизајнирана со цел да обезбеди еднаков и праведен третман за сите вработени, како и транспарентност на одлуките во однос на доделување финансиска поддршка за понатамошно професионално усовршување. Крајната цел на програмата за стипендирање е да се зголеми квалитетот на работата во Собранието преку зголеменото академско знаење на вработените. Програмата ги дефинира условите за тоа **кој од вработените како и позајмените вработени од други институции, кога, како и под кои услови** може да добие ваков вид поддршка. Професионалното усовршување и развој во рамките на оваа програма, се однесува на стекнување на степен на повисоко образование во делот на магистерски студии, односно стекнување соодветна диплома или титула на магистер.

Поддршката подразбира финансиски средства кои ќе го покријат студирањето речиси целосно (90%) или делумно и во зависност од расположливите средства. Секој што ќе претендира и добие финансиска поддршка, станува стипендист на Швајцарска Амбасада.

Поддршката и финансиските средства се доделуваат за програми кои тематски најмногу соодветствуваат на работните места на вработените и позајмените вработени, спроведени на државниот Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Универзитетот на Југоисточна Европа и Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола. Програмата има цел да обезбеди можности на професионалците кои сакаат дополнителна професионална надградба во нивното поле на експертиза. Нејзината структура содржи релевантни можности кои одговараат на интересите индивидуално на секој професионалец, но се во склад со стратешките приоритети на Собранието.

## 1.2. Зошто се обезбедува поддршка за професионално усовршување и развој?

Поддршката се обезбедува во контекст на идниот развој на вработените во Собранието и позајмените вработени ангажирани во Собранието и неговото поуспешно работење, како и поддршка на индивидуалниот развој на вработените во делот на стручното оспособување и развој.

Стручното оспособување и развој се ставаат во контекст на подобра изведба или подобар перформанс на самото работно место, како и поуспешно справување со задачите и надлежностите на работното место. Финансиската поддршка се обезбедува и во контекст на идно професионално напредување и промена на работните позиции по хоризонтална или вертикална линија, како и лично кариерно напредување односно поддршка на кариерниот развој на вработените и позајмените вработени од други институции во Собранието. Поддршката се обезбедува и заради поголема компетитивност и/или повисоко позиционирање во секторот и дејноста, но и поради долгорочно задржување на професионалниот кадар.

Одлуките за добивање финансиска поддршка за професионално усовршување ќе бидат донесени врз основа на добро воспоставени критериуми. Критериумите се поставени врз основа на објективност и непристрасност, како и јасен систем на бодување за донесување на одлуката. Истовремено ќе бидат донесени и одредени административни правила и документи кои ќе треба да се пополнат и поднесат за да се овозможи донесување издржани одлуки.

## 1.3. Кој од вработените може да смета на овој вид поддршка?

Во рамки на Собранието, секој од вработените во систематизација на работни места, може да смета на поддршка за стручно усовршување и професионален развој. Листата се ограничува само на вработените во редовен работен однос заради можноста понатаму да го применат стекнатото знаење и вештини во пракса. Доколку потенцијалниот кандидат има договор за вработување со скратено работно време, договор на определено  време или договор за привремено вработување, нема да може да се кандидира за овој вид поддршка.

Програмата ги поддржува и позајмените вработени кои се отстапени од другите институции и со моментален работен ангажман во Собранието. Листата се ограничува само на вработените во редовен работен однос заради можноста понатаму да го применат стекнатото знаење и вештини во пракса.

## 1.4. Кој би можел да има предност во хиерархијата на позиции и работни места?

Можноста е отворена **за вработените и позајмените вработени од други институции кои работат во Собранието,** односно за сите работни позиции почнувајќи од најниското до највисокото во хиерархијата. Предност притоа имаат вработените со подолг стаж во организацијата, како еден од критериумите кој соодветно ќе се бодува на следниот начин:

- вработени до 1,5 година – добиваат 3 бодови
- вработени над 1,5 до 3 години – добиваат 5 бодови
- вработени над 3 години – добиваат 10 бодови

Доколку одреден вработен има добиено претходно ваков вид поддршка, предноста ќе се даде на друг вработен.

Во случај кога можностите за поддршка и финансиските средства се ограничени за определениот период на стипендирање кој соодветно се планира, како и можноста одредени лица да добијат ист број бодови, на комисијата и се доделува дискреционо право да даде предност и приоритет на советничките позиции. Ова се прави со оглед на тоа дека советничката дејност е примарна во организацијата.

# 2. Опис на можностите за професионално усовршување

## 2.1. На што се засноваат можностите за професионално усовршување?

### *1) Поврзувања на надлежноста со можностите за професионално усовршување.*

Можноста за професионално усовршување се доведува во врска со стратешките приоритети и цели на Собранието, описите на работното место утврдени во систематизацијата, како и работните задачите и активностите кои ги има вработениот во Собранието, односно позајмениот вработен со ангажман во Собрание. Во тој контекст ќе се поддржи професионално усовршување кое треба секогаш да се доведе во врска и да соодветствува со компетенциите кои се потребни за успешно извршување на задачите на тоа работно место. Оттука и можностите за добивање финансиска поддршка за професионално усовршување мора да се доведат во врска со овие три клучни сегменти:

a) **Стратешките цели и приоритети** на Собранието кои се дел од процесот на стратешко планирање. Професионалното усовршување мора јасно да се стави во врска со приоритетите и целите од Стратешкиот план кои се сметаат за најважни.

b) **Описите на работни места** се дефинирани во систематизацијата на работни места и се однесуваат на тоа што работи вработениот, како и под кои услови се одвива работата. Основа за подготовка на описите на работните места се надлежностите и обврските кои за институцијата произлегуваат од законите и други стратешки документи дефинирани во систематизациите. Во описите на работните места, покрај работните задачи и обврски за тоа работно место, наведени се и: стручните квалификации; работното искуство; општите компетенции од Рамката за општи компетенции и посебните компетенции потребни за работното место.

c) **Компетенции потребни за работното место –** спаѓаат исто така во делот на описот на работното место и ги определува знаењата, вештините и способностите кои треба да ги поседува одреден вработен, односно што треба да знае, што треба да биде способен да направи и како треба да се однесува на работното место.

### *2) Поврзување на успехот во работата со можностите за професионално усовршување*

Професионалното усовршување и развојот на вработените мора јасно да биде доведено во врска со процесите на:

- Утврдување на работни цели и задачи со јасни индикатори за успех;
- Утврдување на индивидуален план за стручно усовршување, во кој ќе биде интегрирано стручното усовршување дефинирано во оваа програма; и
- Оценување на ефектот на административните службеници.

## 2.2. Каков вид професионално усовршување може да се поддржи?

Темите и областите на студиските програми треба да се поврзани со дејностите на службата на Собранието и позајмените вработени со ангажман во Собрание, како и стратешки приоритети на Собранието. Вработените ќе можат да избираат студиски програми на теми кои се во согласност со профилот на работното место, описот на надлежностите, како и желбите и интересите на секој од вработените ставени во контекст на нивен иден кариерен развој.

Притоа секој кандидат за професионално усовршување е должен да ја образложи поврзаноста на неговата работа и барањата на работното место со студиската програма за која аплицира, како и со стратешките цели на Собранието. Кандидатот е должен исто така предложената програма да ја доведе во врска со своите компетенции и надлежности, како и да образложи како истата ќе му помогне да ги унапреди одредени вештини и компетенции на работното место (било да се работи за одредени комуникациски, советодавни или аналитички вештини, како и вештини за развивање на методологијата во процесот на спроведување истражувања и анализи).

Комисијата која ќе се формира за доделување на овој вид помош, ќе води сметка дека доделените стипендии ќе бидат од различен вид и ќе ја одразат разноликоста на потребата за усовршување на работните места.

## 2.3. Чија одговорност е пронаоѓањето можности за професионално усовршување?

Базирано на предложените области и отворените студиските програми во конкурсите за запишување на студенти на втор циклус студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје и Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола на конкурсите за магистерски студии, како и описот на работното место, поврзаноста со одредени вештини и компетенции на работното место, кандидатите се индивидуално одговорни да одберат една од можностите за иден професионален развој. Со оглед дека поддршката може да биде лимитирана во рамки на расположливите средства за утврдениот период, комисијата може да определи одреден процентуален износ за финансиска поддршка за кандидатите или износ кој ќе биде подеднаков за сите, посебно во случаите кога определени кандидати имаат ист број бодови.

## 2.4. Комбинирање на работни обврски и професионално усовршување

Можноста за професионално усовршување и развој се дава заради подобро извршување на работните обврски и вкупно подобрување на перформансот на работното место, како и унапредувањето на работата. Во тој контекст се оди по принципот дека работата не би требала да претрпи промени ниту губитоци со тоа што на вработениот му е доделена поддршка за професионално усовршување.

Истото претставува само по себе придобивка за вработениот и затоа се очекува дека тој ќе го планира и ќе ги вклопи студиите вон работното време. Истото ќе го направи во согласност со сите позитивни законски прописи кои се однесуваат на регулирање на работните односи и можноста вработениот да го стави во употреба правото на отсуство од работа во текот на годината.

## 2.5. Процедурата за пријавување и аплицирање

Пријавувањето на кандидати ги следи роковите наведени во оваа програма кои се во согласност со уписните рокови кои ги објавуваат високообразовните институции во државата. **Тоа практично значи дека пријавувањето на кандидати за финансиска помош за професионално усовршување во овој повик се спроведува во рамките на вториот уписен рок во учебната 2024/2025 година, за уписи на втор циклус на студии, или за упис на нов семестар од академската 2024/2025 година. Уписите на УКИМ, се предвидени во роковите 3 февруари – 14 февруари 2025 за втор циклус на студии, додека уписите на УКЛО се предвидени во роковите 21 октомври – 1 ноември за втор циклус на студии.** Секој што ќе идентификува можност или планира да го продолжи своето професионално усовршување во некоја од областите кои тој/таа сака да ги развива, се упатува понатаму да ја пополни *Пријавата за професионално усовршување* (Анекс 1 од овој документ). За вработените кои ќе започнат со студиите во академската 2024/2025 г. како услов за финансиска помош за професионално усовршување за валидна пријава се смета дека пријавениот нема

никакви објективни пречки да се запише на соодветната образовна институција односно ги исполнува критериумите за упис (просечен успех или сл.). Тоа практично значи дека вработениот нема никаква објективна пречка доделената финансиска помош да ја стави во употреба.

### 2.5.1 Критериуми за упис на магистерски студии предвидени од УКИМ и УКЛО

Право за запишување на магистерски студии имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат следниве основни услови и критериуми:

- Завршени прв циклус академски студии со стекнати најмалку 180 ЕКТС-кредити од првиот циклус студии;
- Остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв ициклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8. Наставно-научниот/научниот /наставно-научниот и уметнички совет, со воведување на дополнителни услови, може да овозможи запишување на кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителните услови утврдени од советот на студиската програма;
- Сертификат/уверение за познавање на англиски јазик.

### 2.5.2 За кандидати кои се веќе запишани на магистерски студии предвидени од УКИМ и УКЛО во некоја од минатите академски години:

- Да се запишани во некоја од минатите академски години на соодветни или сродни студии и кои исполнуваат други услови предвидени со студиските програми за организирање втор циклус студии на соодветниот факултет, односно научен институт;
- Целосно завршени студиски обврски (положени испити, конференции, семинари, објавени трудови) од претходните студиски години;
- 80% реализирани студиски обврски (положени испити, конференции, семинари, објавени трудови) од последната студиска година (2023/2024);
- Да имаат континуитет во студирањето (да нема повторувања на студиска година и пауза меѓу студиските години);
- Да не е со веќе завршени студиски години и во фаза на подготовка на магистерската теза.

Комисијата ќе ги разгледува поднесените апликации во периодот од 21 до 31 октомври 2024**,** додека кандидатите кои аплицирале, за резултатите од пријавувањето за финансиска помош за професионално усовршување како и за висината на одобрената стипендија (целосна или делумна) ќе бидат известени **најдоцна до 31 октомври 2024**. Стипендистот на Швајцарска Амбасада е **обврзан самостојно да ги достави потребните документи за упис** до одобрената високообразовна институција најдоцна до **1 ноември 2024 за втор циклус на студии на УКЛО и 14 февруари 2025 за втор циклус на студии на УКИМ**. **Стипендистот е должен штом добие известување за прием на студии од високо образовната институција во рок од 5 работни дена да го извести администраторот на програмата – Институт за демократија "Социетас Цивилис" – Скопје и да достави копија од договорот со високо образовната институција, за да може да ја започне постапката за потпишување на договор и финансирање според утврдените можности од високообразовната институција.**

# 3. Донесување одлуки за доделување финансиска поддршка

## 3.1. Кој ќе ја донесе одлуката и на кој начин?

Предлог одлуката ја донесува Комисија за одлучување составена од: претставник од Програмата за парламентарна поддршка, претставник од администраторот на програмата и претставник од Собранието на Република Северна Македонија.

Членовите на комисијата не смеат да имаат директен конфликт на интерес при пријавувањето, односно доколку претставникот од Собранието во комисијата има своја пријава, за него ќе се организира посебна комисија за избор во која тој нема да членува. Комисијата ги прегледува документите и бодува според форматот даден во Анекс 3 од овој документ. На крајот трите бодувања се сумираат во едно (како просек од трите индивидуални бодувања и се изработува прелиминарна ранг листа изразена во проценти од бодувањата). Оваа листа потоа се финализира во зависност од расположливите средства и се пресекува во моментот кога ќе се исцрпат средствата.

Откако одлуката за доделување стипендии ќе биде потпишана се пристапува кон известување на кандидатите. Секој одобрен кандидат треба писмено да потврди дека ја прифаќа добиената финансиска поддршка, а понатаму, доколку е примен на студиската програма, потпишува и соодветен договор за прифаќање на договорните обврски.

Секој одбиен кандидат има право на жалба до Комисијата во рок од 8 дена од известувањето. Комисијата ќе ја испита жалбата во рок од 15 дена од датум на приемот на жалбата и писмено го известува кандидатот за резултатот. Доколку кандидатот не е задоволен од одлуката, тој / таа може да поведе постапка во согласност со позитивните законски прописи.

## 3.2. Кои се критериумите според кои се донесува одлуката?

Сите вработени во систематизацијата на работни места во Собранието имаат право и можност на професионално усовршување, вклучително и финансиска помош, врз основа на јасно утврдени критериуми.

Критериумите за избор и за утврдување на износ на стипендијата се презентирани во Табела 1.

**Табела 1: Критериуми за донесување на одлуката:**

| | **Критериум** | **Систем на бодови** |
|---|---|---|
| 1 | Години на работен стаж | Најмногу бодови добиваат лицата над 3 години работен стаж на кои дотогаш не им била одобрена ваква поддршка (10 бодови), додека другите вработени се соодветно распределени да добиваат по 3 бода (помалку од 1.5 година) или 5 бода (1.5 до 3 години); |
| 2 | Оцена на посветеност на работата | Најмногу бодови добиваат оние вработени кои ќе бидат поуспешно оценети во работата, што се базира врз нивната посветеност и ниво на вложен труд во исполнувањето на работните задачи; (најмногу 10 бодови) |
| 3 | Поврзаност помеѓу планот за развој со студиската програма и стратешките цели на Собранието | Се бодува поврзаноста на областа од предложената студиска програма, главните предмети кои се издвоени со стратешките приоритети на Собранието; (најмногу 30 бодови) |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Поврзаност на областа на студиите со описот на работното место | Најголем број бодови добива кандидатот кој ќе стекне компетенции кои се најмногу поврзани со областа на дејноста на неговото/нејзиното работното место; (најмногу 30 бодови) |
| 5 | Кандидатот предложил видлив начин за трансфер на стекнатите знаења и вештини во организацијата | Најмногу бодови добива оној кој има најдобар план за пренос на знаењето – тој што има најголем потенцијален ефект и најјасни индикатори за следење; (најмногу 10 бодови) |
| 6 | Професионално резиме | Се бодува претходното искуство во соодветната област, неформалното образование и стекнати вештини преку обуки, семинари, работилници, како и пишани трудови. (најмногу 10 бодови) |
| | **Вкупно** | **100 бодови** |

Право на стипендија стекнуваат кандидатите кои по оценувањето според **Табела 1: Критериумите за донесување одлука** освоиле минимум 40 поени. **Првите десет највисоко рангирани кандидати ќе добијат стипендија.** Постои можност стипендија да добијат и повеќе од десет кандидати, доколку останат слободни средства на располагање од фондот за стипендија по распределбата на средствата на првите десет највисоко рангирани. Одлука за доделување на повеќе од десет стипендии носи Комисијата со дискреционо право за одлучување.
Висината на стипендијата се одредува според нивото на вкупно освоени поени. Највисока стипендија од 90% од износот на школарината добиваат кандидатите кои ќе освојат од 91- 100 поени, 80% од 81 до 90 поени, и така натаму.

| Стипендија | Збир од вкупни бодови |
|---|---|
| 90% | 91-100 поени |
| 80% | 81-90 поени |
| 70% | 71-80 поени |
| 60% | 61-70 поени |
| 50% | 51-60 поени |
| 40% | 41-50 поени |
| Не се стекнува со стипендија | Под 40 поени |

Доделената стипендија се укинува доколку стипендистот не успее да добие прием/упис на студиската програма за која аплицира за финансиска поддршка од Швајцарска амбасада и може повторно да поднесе апликација за финансиска поддршка од Швајцарска Амбасада до администраторот на програмата на следниот повик за доделување стипендии и следниот уписен рок, утврден во официјалниот конкурс од високообразовните институции.

## 3.3 Школарина

Под школарина се подразбираат финансиски средства кои ќе ги покријат трошоците за студирањето побарани од високо образовната инстистуција со вклучена одбрана на завршниот (докторски) труд, речиси целосно (90%) или делумно и во зависност од висината на доделената стипендија. **Секој што ќе претендира и добие финансиска поддршка, станува стипендист на Швајцарска Амбасада.**

За студентите кои се запишуваат на магистерски студии за прв пат во академската 2024/2025 година, максимален износ на школарина кој може да се земе предвид во пресметка на износот на стипендијата е 350,300 денари, односно 315,270 денари (90% од 350,300 денари). Кандидатот има право да избере студии со повисока школарина од оваа гранична вредност, но максималниот износ на стипендијата останува 315,270 денари. Администраторот не се обврзува да ги покрие трошоците кои се предизвикани поради ненавремено остварување на обврските кои произлегуваат од студирањето (ненавремен упис, ненавремено положени испити, истражувања, трудови, пријава/изработка на магистерски труд).

За студентите кои се веќе запишани на магистерски студии, програмата предвидува школарина за финансиско покривање на преостанатите семестри до завршување на студиите. Максималниот износ на школарина кој се зема предвид во пресметката на износот на стипендија е 315,270 денари. Кандидатот може да студира на студија со повисока школарина од оваа гранична вредност, но максималниот износ на стипендијата останува 315,270 денари. Врз основа на семестрите кои студентот до сега ги има реализирано и школарината која ја има уплатено, пресметката за стипендијата ќе се прави пропорционално со преостанатиот износ до завршувањето на студиите, и може да биде речиси целосно (90%) или делумно покривање, во зависност од висината на доделената стипендија.

Администраторот на програмата ќе ја исплаќа стипендијата (школарината) директно на високо образовната институција, на начин утврден од високо образовната институција (комплетно или парцијално - по семестри) откако стипендистот ќе го достави потребното **Известување до администраторот на програмата**, пред упис на секоја следна студиска година и ќе ги почитува **Обврските на стипендистот** наведени во договорот за финансиска поддршка за професионално усовршување.

## Известување до администраторот на програмата

1. Да доставува уверение за 80% положени испити после секој семестар како услов за уплата/упис на секој следен семестар/студиска година, како и уверение за сите положени испити на крај од сите студиски години;
2. Да доставува извештај за реализирани минимум 80% од предвидените обврски (положени испити, презентации и семинари) од вкупниот број во двата семестри пред запишување на зимски семестар од секоја студиска година како услов за уплата за следна студиска година, како и уверение за комплетно завршени обврски (положени испити, презентации и семинари) на крај од сите студиски години како услов за пријава на магистерски труд (за студент на втор циклус - магистерски студии).
3. Да доставува потврда за редовен работен однос од Собранието (за позајмените вработени и од институцијата од која се отстапени за ангажман во Собранието) до администраторот на програмата пред запишување зимски семестар од секоја наредна студиска година и во текот на 3 години (36 месеци) по стекнувањето на соодветното звање од програмата.
4. Потврда за уплата на сопствено учество.

## Обврски на стипендистот

1. Редовно да ја посетува соодветната настава, да земе активно учество за време на нејзиното траење;
2. Успешно да ја заврши програмата со сите положени испити во предвидениот рок и стекнување на соодветното/предложеното стручно звање, најдоцна до август 2028;
3. По завршувањето на стручното усовршување да работи на подготовка на материјалите и продуктите кои ги навел во својата апликација;
4. Да ги испорача обврските за соодветна примена во пракса, како и соодветен трансфер на знаење на останатите вработени и пратеници;
5. По стекнувањето на стручното звање од студиската програма да остане во редовен работен однос во Собранието (за позајмените вработени во работен однос во институцијата од која се

отстапени за ангажман во Собранието) од три години или 36 месеци од датумот на стекнување со стручно звање;

6. Да достави една копија од одбранетиот труд (магистерска теза) до Швајцарска Амбасада во Скопје;
7. Сите обврски кои произлегуваат од договорот за финансиска поддршка за професионално усовршување.

# 4. Задржување и трансфер на стекнатото знаење во организацијата

## 4.1. Кои се очекувањата за задржување на вработените по професионалното усовршување?

Од редот на вработените кои добиле можност за професионално усовршување се очекува да исполнат неколку услови кои се вклучени и како клаузули во Договорот за финансиска поддршка за професионално усовршување кој го потпишуваат:

- Обврска да не го напуштат професионалното усовршување предвреме од било која причина, како и обврска да ги завршат студиите со стекнување на соодветното звање;
- Обврска истото да го завршат во определениот рок согласно студиските програми (за да нема пенали или некакви казнени поени и да не предизвика други трошоци);
- Обврска да се задржат на работа во Собранието/институцијата од која се позајмени минимум 3 години по завршувањето на студиската програма, да направат соодветна примена на знаењето во тековното работење, како и трансфер на знаењето во Собранието/институцијата од која се позајмени, заради што се и првично поддржани.

Во случај на заминување и неисполнување на обврските, се предвидуваат соодветни казнени одредби и тоа:

- Враќање на цела дотогаш уплатена сума во сите случаи на предвремено откажување или прекин на студирањето заради не положени испити и/или без соодветно стекнат степен или звање;
- Враќање на цела дотогаш уплатена сума доколку стипендистот во текот на студиите го напушти работното место во Собранието/институцијата од која е позајмен.

Доколку стипендистот не ја исполни обврската да се задржи на работа во Собранието/институцијата од која е позајмен минимум 3 години по завршувањето на студиската програма и стекнување на соодветно звање, се предвидуваат следните отплати на уплатената сума за различен период на заминувањето по завршеното стручно усовршување и тоа:

- доколку замине во наредните 6 месеци по завршувањето на стручното усовршување, ќе врати 100% од сумата;
- доколку замине во рамки на период од 6 до 12 месеци по завршувањето на стручното усовршување, ќе врати 80% од сумата;
- доколку замине во рамки на период од 1 – 2 години по завршувањето на стручното усовршување, ќе врати 50% од сумата;
- доколку замине во рамки на период од 2 – 3 години по завршувањето на стручното усовршување, ќе врати 40% од сумата.

## 4.2 Што се очекува од вработениот со стекнато ново звање за развојот на другите колеги?

Она што се очекува од секој вработен кој бил поддржан во текот на професионалното усовршување да одбере неколку теми кои ќе ги предложи и пренесе на одредена група вработени и пратеници. Неговата лична одговорност е да одржи минимум 2 (две) презентации на заинтересирана група од минимум 3-5 колеги како и минимум 2 (две) презентации на пратеници, една во тек на студии и една по завршувањето на студиите. Колку повеќе

теми/презентации ќе направи, како и лица кои ќе ги проследат ќе значи повисок трансфер на знаење. Спроведувањето на овој трансфер на знаење се остава на одговорност на сите вработени, како во делот на понудување на интересни теми, така и во делот на организација, но и во делот на интерес покажан од другите вработени да се одвои време и да се стекне некое ново знаење и/или вештина.

### 4.3. Известување за прогресот на професионалниот развој

Сите вработени кои ќе бидат поддржани за професионален развој преку програмата за стипендии имаат должност тековно да известуваат во однос на нивните стекнати компетенции и знаења како и пренесувањето на овие компетенции и знаења во пракса. Ова значи дека ќе се следи развојот на вештини и компетенции, т.е. нивното спроведување во секојдневната работа.

Во однос на проценка на ефектот, вработениот има обврска да подготви:

**а) Краток извештај за студискиот прогрес и стекнатото знаење,** преглед на компетенциите и знаењата кои се добиени како и нивната релација со работата - област каде тој / таа се чувствува унапреден во своите вештини.

**б) Краток преглед на иницијативите што тој / таа може да ги спроведе**, кои ќе ги опфаќаат должностите од секојдневната пракса и ќе посочуваат неколку можности за тоа како стекнатото знаење би се спроведувало во секојдневните работни обврски.

Краток извештај за студискиот прогрес и стекнатото знаење и краток преглед на иницијативите што тој / таа да ги спроведе треба да бидат известени преку претходно утврден формат кој ќе биде доставен од страна на администраторот на програмата (ИДСЦС). Извештајот се доставува до администраторот на програмата.

## 5. Процедура за пријавување

1. Отворен повик за доделување стипендии –октомври 2024
2. **Доставување апликации – од 3 до 20 октомври 2024**

**Апликацијата се состои од:**

- Професионално резиме на англиски јазик;
- Потврда за редовен работен однос;
- Пријава за професионално усовршување (Анекс 1) на англиски јазик;
- Уверение за положени испити од прв циклус студии  со минимум просек 8,00;
- Копија од диплома од прв циклус студии;
- Уверение за познавање на странски јазик;
- Уверени за завршени испити до моментот на поднесување апликација за добивање на стипендија (за кандидати кои се веќе запишани на магистерски студии во некоја од минатите академски години).

**Апликацијата и сите документи од кои се состои потребно е да ја испратите на адресата на администраторот joana@idscs.org.mk со назнака Апликација за швајцарска стипендиска програма, не подоцна од 20 октомври. Нецелосните и апликациите доставени по крајниот рок нема да бидат земени предвид.**

**За сите дополнителни прашања обратете се до администраторот на стипендиската програма - Институт за демократија "Социетас Цивилис" – Скопје (ИДСЦС), Јоана Тренеска [joana@idscs.org.mk](mailto:joana@idscs.org.mk)**

3. Евалуација на апликации и интервјуа со потенцијални стипендисти – **21 - 31 октомври 2024.**
4. Известување на кандидатите за резултатите од процесот - **не подоцна од 31 октовмри 2024.**
5. Пријавување на студиска програма во високообразовната институција за која е доделена стипендијата
   - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје: **до 14 февруари 2025**
   - Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола: **до 1 ноември 2024**

6. Известување за прием на студиската програма и доставено писмено известување до администраторот, како **и копија од потпишаниот договор со високообразовната институција – за кандидатите кои за прв пат се запишуваат во академската 2024/2025 година).**
7. Потпишување договор за доделена **стипендија и уплата на прв/нов семестар – јануари / февруари 2025.**

## 6. Анекси

**Анекс 1 – Professional development application**

**Анекс 2 - Конкурс – втор циклус студии УКИМ и УКЛО**